# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**Службен весник на РМ, бр. 140 од 21.10.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009 и 83/10), во членот 4-а по зборовите: "регистарски број" се става запирка и се додаваат зборовите: "број на шасија".

**Член 2**

Во членот 6 ставот 2 се менува и гласи:

„Одредбите од ставот 1 алинеи 2, 3 и 4 на овој член не се однесуваат на автотакси превозот, за вршење на превоз со возила од членот 7 став 2 на овој закон со исклучок на превоз за сопствени потреби кој се врши со возила чија најголема носивост не надминува 3.500 кг вклучувајќи ја и приколката."

**Член 3**

Во членот 8 ставот 3 се брише.

**Член 4**

Во членот 8-в став 2 алинеја 2 зборовите: "(завршна сметка)" се заменуваат со зборовите: "(регистар на годишни сметки)".

**Член 5**

Во членот 8-г став 2 по зборот "правните" сврзникот "и" се заменува со сврзникот "или".

Во ставот 3 точката на крајот од ставот се брише и се додаваат зборовите: "во правното лице."

**Член 6**

Во членот 32 став 2 зборот "седум" се заменува со зборот "пет".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Министерот за транспорт и врски може да донесе решение за одземање дозвола доколку од извештаите од членот 60 став 2 на овој закон кои ги доставуваат автобуските станици утврди дека се исполнети условите од ставот 2 на овој член."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

**Член 7**

Во членот 33 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Превозникот и автобуската станица се должни на слепо лице со оштетување на видот над 90% и на неговиот придружник со потврда за членство и возен картон издаден од Сојузот за слепи лица, да му издадат билет за патување во двата правци (повратен билет) без надоместок и во возната книшка да евидентира дека слепото лице го искористило превозот. На слепото лице со оштетување на видот над 90% и на неговиот придружник во текот на една календарска година може да им се издадат максимум шест повратни билети без надоместок за патување во внатрешниот превоз на патници. Издавањето на повратниот билет е на трошок на превозникот."

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 8**

Во членот 66 став 2 во заградата по зборот "поединечни" се додава зборот "транспортни".

**Член 9**

Во членот 67 ставот 2 се менува и гласи:

„Мултилатералните дозволи (ЕКМТ) Министерството за транспорт и врски ги добива од Секретаријатот на Европската конференција на министрите за транспорт."

**Член 10**

Во членот 69-а став 2 алинејата 4 се брише.

**Член 11**

Во членот 72-а воведната реченица се менува и гласи: "Надлежниот царински орган при влез или излез од државата на странскиот превозник за билатерален или транзитен превоз му издава посебен вид транспортна дозвола со наплата на административна такса без претходно одобрение од Министерството за транспорт и врски, доколку Република Македонија нема потпишано меѓународна спогодба за превоз на стока со државата каде што е регистрирано влечното возило за:"

**Член 12**

Во членот 77 став 1 зборовите: "производните или услужните потреби" се заменуваат со зборот "потребите".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Како превоз на патници за сопствени потреби што го вршат правни и физички лица се смета превоз со кој се превезуваат исклучиво патници кои се во врска со вршење на нивната приоритетна дејност, при што патниците кои се превезуваат се вработени во правното лице кое го врши превозот."

Во ставот 3 кој станува став 4 се додава нова реченица која гласи: "При извршување на превозот на патници за сопствени потреби правното лице е сопственик на возилото со кое се врши превозот, а возачот и патниците се вработени во правното лице."

Ставот 4 станува став 5.

**Член 13**

Членот 78 се менува и гласи:

„При извршување на внатрешниот и меѓународниот превоз на патници за сопствени потреби, патниците кои се превезуваат мора да имаат доказ за идентификација издаден од оној кој го извршува превозот за сопствени потреби.

При извршување на внатрешниот превоз на патници за сопствени потреби, освен доказот за идентификација, во возилото мора да се наоѓа патниот лист од членот 49 став 2 на овој закон, а за меѓународниот превоз на патници за сопствени потреби возачот мора да има сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај."

**Член 14**

Во членот 79 став1 во воведната реченица по зборот "меѓународниот" се додаваат зборовите: "и внатрешниот".

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

"- сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај доколку се врши меѓународен превоз за сопствени потреби,".

Во ставот 2 по зборовите: “став 1” се додаваат зборовите: “алинеја 1”.

**Член 15**

Во членот 81 став 2 по зборовите: “односно излез од неа” се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.
Ставот 3 се брише.

**Член 16**

По членот 90 се додаваат два нови члена 90-а и 90-б, кои гласат:

**„Член 90-а**

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 87 на овој закон утврдат дека е сторена неправилност од членот 97 став 1 точки 4 и 6 на овој закон, се должни да состават записник во кој ќе се утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за транспорт и врски.
Едукацијата ја организира и спроведува државниот инспекторат за транспорт, односно овластените инспектори за патен сообраќај на општините, односно на градот Скопје во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за еден или повеќе субјекти.
Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
Доколку инспекторите од членот 87 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесуваат заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.
Доколку инспекторите од членот 87 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.
Државниот инспекторат за транспорт, односно овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје за патен сообраќај водат евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за транпорт и врски.

**Член 90-б**

Министерството за транспорт и врски за извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за транспорт е должно на својата интернет страница да објавува квартален извештај.
Општините, односно градот Скопје за извршениот инспекциски надзор од страна на овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје за патен сообраќај се должни на својата интернет страница да објавуваат квартален извештај.”

**Член 17**

Во членот 91 точката се брише и се додаваат зборовите: "пред надлежен суд, односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски."

**Член 18**

Во членот 97 став 1 точка 15-а во заградата по зборовите: "став 3" се додаваат зборовите: "и член 79 став 1".
Во точката 16 во заградата по зборовите: "став 4" се додаваат зборовите: "и член 79 став 1".

**Член 19**

Во членот 99 став 1 точка 4 по зборот "лиценца" се додаваат зборовите: "извод од лиценца".

**Член 20**

Во членот 99-а став 1 точка 1 по зборот "превоз" се додаваат зборовите: "и превоз за сопствени потреби".
По точката 1 се додава нова точка 1-а, која гласи:
„1-а) злоупотреби потврда за членство и возен картон спротивно на членот 33 став 4 од овој закон;".
Во ставот 2 по точката на крајот од ставот се додаваат две нови реченици кои гласат: "Во решението за изречена посебна прекршочна мерка одземање на возило се определува рок од три дена од денот на приемот на решението сторителот на прекршокот возилото со кое е сторен прекршокот доброволно да го предаде во Министерството за внатрешни работи. Доколку сторителот на прекршокот не го предаде возилото со кое е сторен прекршокот во рокот предвиден во овој став, решението со изречената посебна прекршочна мерка одземање на возило го спроведува Министерството за внатрешни работи по добиено барање за извршување на решението од Комисијата од ставот 3 на овој член."

**Член 21**

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 22**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за превоз во патниот сообраќај.

**Член 23**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во